Од страна на барателот сега тужителот доставена е Потврда од Карго експрес Битола, на наведени се следните податоци:

- Датум 22.11.2024 год, со потпис на лице кое извршило прием
- Испраќа: Парновод (со потпис)
- Прима: Никола Крушево
- Телефон: 075 292 434
- Тип и количина на пратка: 2 пакети
- Основна цена – база: 600 ден, од врата:100, до врата:100

- На местото испраќа на фактура има краток потпис.

*Утврдување на вредноста на робата во пратката испратена на ден 13.11.2024 год*

Во барањето за вештачење наведено е дека на ден 13.11.2024 год од страна на сега барателот предаден е за испорака (со налог) на ТПЛ Тотал пост лигистик ДООЕЛ Скопје – Подружница ТПЛ Битола, еден соларен бојлер од 80 литри и уште еден бојлер од 80 литри, нарачани од купувачот Александар Никодиноски од Крушево.

Сега барателот од страна на нарачувачот Александар Никодиноски од Крушево известен е дека нарачката не е примена.

Вредноста на еден соларен бојлер од 80 литри и уште еден бојлер од 80 литри утврдени се од доставените фактури од страна на барателот и тоа:

- Фактура бр.449/24 од 13.11.2024 год, за примач Александар Никодиновски, каде наведено е дека цената на еден соларен бојлар изнесува 15.810,00 ден + 790,00 ден 5% ДДВ или вкупно 16.600,00 денари. Цената на еден бојлер од 80 литри изнесува 11.864,00 ден + 2.136,00 ден 18% ДДВ или вкупно 14.000,00 ден.
- Фактура бр.11/25 од 17.01.2024 год, за примач "купувач", каде наведено е дека цената на еден соларен бојлар изнесува 15.810,00 ден + 790,00 ден 5% ДДВ или вкупно 16.600,00 денари
- Фактура бр.69/25 од 24.02.2024 год, за примач "купувач", каде наведено е дека цената на еден бојлер од 80 литри изнесува 11.864,00 ден + 2.136,00 ден 18% ДДВ или вкупно 14.000,00 ден.

Од доставените фактури од страна на сега барателот утврдена е цената на еден соларен бојлер и еден бојлар од 80 литри, коие биле испратени на ден 13.11.2024 година, не биле примени од страна на примачот во Крушево и воедно не биле варени на испраќачот во Битола.

*Тужителот од тужениот побарува вкупен износ од 27.674,00 дена за:*

- *еден соларен бојлар изнесува 15.810,00 ден*
- *еден бојлер од 80 литри изнесува 11.864,00 ден*

***Биро Таргет ЕФИ ДООЕЛ Битола***
*Друштво за судски вештачења , консалтинг и други услуги*
*ул. Баталјон Стив Наумов бр.5/44 Битола /070 488 755 / e-mail>* biroefi@yahoo.com

---

# М И С Л Е Њ Е

Сега тужителот и сега тужениот имале должничко доверителски однос по основ на користење на поштенски услуги.

На ден 13.11.2024 год од страна на Парновод Битола испратен е еден соларен бојлер и еден бојлер од 80 литри за примач Александар Никодиновски од Крушево, при што користена е поштенската услуга на ТПЛ Тотал пост логистик ДООЕЛ Скопје, со кој склучен е Договор за поштенски услуги. Пратката не е примена од страна на примачот.

На ден 22.11.2024 год од страна на Парновод Битола испратен е еден соларен бојлер и еден бојлер од 80 литри за примач Александар Никодиновски од Крушево, при што користена е поштенската услуга на Карго Експрес Битола. Пратката приема е од страна на примачот.

***Доколку судот смета дека тужениот му должи на тужителот по основ на штетата која ја претпел со испракање на пратка на ден 13.11.2024 год тогаш треба да плати вкупен износ од 27.674.00 денари.***

Извештајот е изготвен во три примероци и доставен до барателот.

Прилог: Документацијата наведена на страна 2.

12.03.2025 год
Битола

вл.м-р.Кузмановска Татјана
-----------------------------------

м-р Татјана Кузмановска
вештак од областа на материјалното сметководственото и финансиското работење
Лиценца бр. 08-2859/2
тел.070 488 755

Друштво за промет и услуги
ТПЛ ТОТАЛ ПОСТ ЛОГИСТИК ДООЕЛ
Бр 0307-049
20.03.2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## *за поштенски услуги*

Склучен на ден 20.03.2024година во Скопје, помеѓу:

1.**ТПЛ ТОТАЛ ПОСТ ЛОГИСТИК ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. 1 бр.68 Скопје – Визбегово со ЕДБ **4080015550889** преку овластено лице за застапување и претставување – Управителот **Алдин Нумановиќ**, од една страна (во понатамошниот текст) како Давател на услугата, и

2. Друштво за производство, трговија и услуги Кире Илија Илиевски **ПАРНОВОД увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, со седиште во Битола на ул. Индустриска бр.115, **со ЕДБ** 4002993101165, преку овластено лице за застапување и претставување Управител **Митко Илиевски** од друга страна (во понатамошниот текст) како Корисник на услугата – Нарачател/ Испраќач (Клиент).

Договорните страни, свесни за смислата и значењето на овој договор со неговото склучување ги уредуваат меѓусебните права и обврски и правно се обврзуваат на следното.

*Член 1*

Давателот на услугата е носител на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги на цела територија на Р.Македонија Уп. I бр.02-03/2016 издадено на ден 04.02.2016 година од страна на Агенција за пошти на РСМ како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

*Член 2*

Предметот на овој договор е регулирање на правата и обврските на договорните страни кои произлегуваат од ангажманот и вршење на услуги од областа на прием, пренос и дистрибуција на поштенски пратки за потребите на Корисникот на услугата (Клиент), кои Давателот на услугата ги врши во внатрешниот поштенски сообракај на целокупната територија на Република Северна Македонија.

## 2. НАЈАВА НА ПРАТКА, НАЧИН НА ПРЕЗЕМАЊЕ И РОК НА ДОСТАВА

*Член 3*

3.1 Потребата од користењето на услугите односно преземање на пратка Клиентот ја најавува на телефонските броеви на Давателот на услугата 078 26 60 02, 078 20 78 78, 078 39 62 62, 15070 и 15080 , како и на E-mail: contact@tpl.mk, секој работен ден во период од 08.00-14.00 часот, а во сабота од 09.00-12.00 часот, или во однапред договорен редовен термин со Клиентот, кој е должен навремено да го извести Давателот на услугата доколку тој ден нема пратки за преземање.

3.2 Работното време на службата за грижа на корисници е од 08.00-16.00 часот, до кога можат да се најавуваат пратки, но доколку клиентот најавата на пратката ја направи по рокот утврден во точка 3.1 од овој член , како ден на најава на предметната пратка ќе се смета следниот работен ден од кога и за Давателот на услугите започнуваат да течат роковите за достава (утврдени со овој договор) на адресата на примачот.

*Член 4*

4.1 Преземањето на пратката се врши со електронска или рачно пополнета адресница во која Клиентот со кирилично писмо на читлив начин ги внесува следните податоци: името и презимето, односно називот на испраќачот и целосната адреса, односно седиште; име и презиме, односно називот на примачот; целосната адреса/седиште на примачот и поштенскиот број и име на местото, телефон за контакт, да го наведе видот на пратката, нејзината тежина или обем, доколку се работи за габаритна пратка како и количината на пакети доколку се работи за збирна пратка.

4.2 **Диспозицијата на Клиентот е дали на вредносна пратка ќе ја означи вредноста, а истото е од значење во врска со обештетувањето во случај на настапување на ризик, в.в. со чл.6 од Договорот.**

4.3 Договорните страни ја заверуваат адресницата со потпис.

4.4 Адресницата ја следи пратката се до нејзината достава на примачот.

*Член 5*

5.1 Давателот на услугата се обврзува преземента пратка од Клиентот да ја испорача односно достави до примачот во Скопје или во другите градови во Републиката во рок од :

- **24-48 часа за Скопје-градско подрачје и за градовите низ Републиката**

- **<u>48-72 часа за Дебар, Македонски Брод како и за приградски и рурални средини</u>**

**<u>Рокот почнува да тече сметано од моментот на преземање на пратката од Клиентот.</u>** Во овој рок не се засметуваат: недела, празници или други неработни денови; времето на доцнење поради неточна или непотполна адреса или телефонски број, времето за кое примачот го одложил примањето на пратката и времето на доцнење поради виша сила или околности за кои Давателот на услугите не одговара.

5.2 Рокот за **<u>достава на повратен откуп, како и на повратен документ изнесува 24-48 часа, сметано од моментот на достава на пратката на Примачот.</u>** Во овој рок не се засметуваат: недела, празници или други неработни денови и времето на доцнење поради виша сила или околности за кои Давателот на услугите не одговара.

5.3 Договорните страни можат по барање на Клиентот да определат друг рок (надвор од утврдените во точка 6.1 од овој член) за достава на предметна пратка до примач, кој се нотира на Адресницата.

## 3. ЦЕНА НА УСЛУГИТЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

*Член 6*

Цените на услугите се утврдени со Ценовник на Давателот на услугите, кој е составен дел од овој Договор, во кој покрај основните услуги за достава на пакети и писма, се вклучени и цените за дополнителните услуги, и тоа:

| | |
|---|---|
| Достава на пакет 0 - 1кг. | 130 денари |
| Достава на пакет 1 - 3кг. | 150 денари |
| Достава на пакет 3 - 5кг. | 170 денари |
| Достава на пакет 5 - 10кг. | 200 денари |
| Достава на пакет 10 - 20кг. | 270 денари |
| Достава на пакет 20 - 30кг. | 350 денари |
| Достава на пакет 30- 40 кг. | 400 денари |
| Достава на пакет 40-50 кг. | 550 денари |
| Достава на пакет 50-60 кг. | 700 денари |

Ценовник за габаритни пратки

| Пакет | 0.30 - 0.39м3 | 0.40 - 0.59м3 | 0.60 - 0.69м3 | 0.70 - 0.79м3 | 0.80 - 0.89м3 | 0.90 - 1.00м3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 50 – 69кг. | 540 ден. | 760 ден. | 970 ден. | 1190 ден. | 1400 ден. | 1620 ден. |
| 70 – 89кг. | 650 ден. | 860 ден. | 1080 ден. | 1300 ден. | 1510 ден. | 1730 ден. |
| 90 – 109кг. | 750 ден. | 970 ден. | 1190 ден. | 1400 ден. | 1620 ден. | 1830 ден. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 110 –129кг. | 860 ден. | 1080 ден. | 1300 ден. | 1510 ден. | 1730 ден. | 1940 ден. |
| 130 –149кг. | 970 ден. | 1190 ден. | 1400 ден. | 1620 ден. | 1840 ден. | 2050 ден. |
| 150 –169кг. | 1080 ден. | 1300 ден. | 1510 ден. | 1730 ден. | 1940 ден. | 2160 ден. |
| 170 –189кг. | 1190 ден. | 1400 ден. | 1620 ден. | 1840 ден. | 2050 ден. | 2270 ден. |
| 190 –200кг. | 1300 ден. | 1510 ден. | 1730 ден. | 1940 ден. | 2160 ден. | 2380 ден. |

***Дополнителни услуги:***

- **Приложување на адресница од архива**, надомест во износ од 30 денари;

- **За поврат на Клиентот потпишана службена документација** која ја следи пратката преземена за достава (испратница, фактура, гарантен лист, итн.), Клиентот покрај обврската за плаќање на поштарина, има обврска за плаќање на **услугата за поврат на дел од службената документација во висина од 30 денари;**

- Во случај на 2 (два) неуспешни обиди за достава на предметната пратка и по проверката на адресните податоци на Примачот од страната на службата за грижа на корисници на Давателот на услуги или доколку примачот **одбива** прием на предметната пратка, Давателот на услуги се обврзува пратката чија достава (поради наведеното) останала несупешна да му ја врати на Клиентот. Клиентот/Испраќачот има обврска **да ја плати поштарината за предметната пратка утврдена во Ценовникот како и услугата за повраток на пратката во висина од 50% од поштарината.**

- На име **Откупнина**, која означува надоместок за наплатен откуп од Примачот, а во име и за сметка на Клиентот, како и доставен на Клиентот (готовински или на жиро сметка), на пратка **со вредност до 3000 денари**, надомест во износ од **30 денари**, а на пратка во износ **над 3000 денари**, надомест во износ од **1% од вредноста на пратката.**

  -на име **осигурување од губење или оштетување на пратка** за која Клиентот на адресницата ја означил нејзината вредност ( штиклирање на полето **"означена вредност"),** надомет во износ од **3% од означената вредност на пратката.**

***Сите гореннаведените цени за чинење на услугите се со вклучен ДДВ од 18%.***

*Член 7*

7.1 Плаќањето ќе се врши на месечно ниво, врз основа на издадена фактура од страна на Давателот на услугите, во која ќе биде вклучена спецификација за видот и количината на услугите. Давателот на услугите фактурирањето ќе го врши еднаш месечно, на почетокот на тековниот месец, за извршените услуги од претходниот месец, а во договор со Клиентот фактурирањето може да се врши на пократок период.

7.2.Клиентот има обврска фактурата да ја плати најдоцна во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на фактурата, но не подоцна од 15 дена од денот на изготвување. За секое задоцнето плаќање, Давателот на услугата има право да побара законска камата.

7.3 Клиентот има право да да изврши рекламација на фактурата веднаш односно, не подоцна од 3 (три) дена од денот на нејзиниот прием.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГИТЕ**

*Член 8*

8.1 Давателот на поштенските услуги ги обезбедува поштенските услуги и го составува овој Договор врз основа на условите предвидени во Законот за поштенски услуги, Општите услови одобрени од Агенција за пошти, како и врз основа на Општото овластување издадено од Агенција за пошти.

8.2 Давателот на услугите се обврзува уредно, навремено, совесно и професионално да врши преземање, превоз и достава на пратките во Скопје, како и во другите градови во Р.С.Македонија.

8.3 Давателот на услугите има обврска пратките, повратниот откуп и повратните документи да ги доставува во утврдениот рок, а во случај на постоење на околности за пролонгирање на рокот за достава на пратката, должен е веднаш да го извести Клиентот.

8.4 Доколку поштенската пратка не ги содржи адресните податоци на испраќачот и примачот и доколку превозната документација е непотполна, нечитлива или оштетена Давателот на поштенски услуги е должен да бара од Клиентот да ги отстрани недостатоците во адресирањето, а доколку корисникот не постапи по барањето, Давателот е должен да го одбие приемот на пратката.

8.5 Давателот на услугите има право да одбие преземање на пратка доколку и покрај неговото професионално и навремено вршење на услугите постои веројатност

предметната пратка да не може навремено да биде преземена и доставена до примачот.

8.6 Давателот на услугите има целосно право да одбие преземање на пратка доколку е кршлива и несоодветно спакувана. Давателот на услугата има законска обврска да не презема пратка со недозволена содржина.

8.7 Давателот на услугите има целосно право по преземањето на пратката, а пред доделување на достава, во сортинг центарот да ја премери тежината или габаритот на пратката, па доколку најде дека тие се поголеми или помали од наведеното во адресницата да ја промени цената на поштенската услуга во системот, согласно реалната големина и тежина и за тоа нема обврска да го извести Клиентот.

8.8 По приемот на пратката, истата следниот ден се распоредува на курир на достава на адреса назначена во адресницата. **Примачот може да го одложи приемот на пратката за точно определен ден, но во рок не подолг од 3 (три) работни дена.**

8.9 Во случај на **2 (два) неуспешни обиди** за достава на предметната пратка или доколку примачот одбива прием на предметната пратка, Давателот на услуги се обврзува пратката чија достава (поради наведеното) останала несупешна да му ја врати на Клиентот. **Клиентот/Испраќачот има обврска да ја плати како поштарината, така и услугата за повраток на пратката.**

8.10 Доколку адресата е непотполна, непостоечка или пак испраќачот не живее на истата, а телефонскиот број е непостоечки или никој не одговара на истиот, пратката се враќа во базата на Давателот на услугите на проверка, каде службата за проверка ќе го контактира испраќачот телефонски и на електронска пошта, за што истиот има обврска ***во рок од 2 (два) работни дена*** да обезбеди точна адреса, како би можела доставата да почне од почеток. Доколку Клиентот не обезбеди точна адреса во овој рок, пратката ќе му биде вратена и истиот **има обврска да ја плати како поштарината, така и услугата за повраток на пратката.**

8.11 Давателот на услугите е должен поштенските пратки ги доставува до адреса на примачот, односно до најблиското место до адресата на примачот, кое има пристап со возилото на Давателот на услугата.

8.12 Давателот на услуги има обврска да обезбеди неповредливост на тајноста на пратките на Клиентот.

8.13 Обврска и одговорност на Давателот на поштенски услуги е да го одбие приемот на пратката доколку процени дека амбалажата во која е спакувана не одговара на

природата и содржината на пратката, односно доколку не може да обезбеди тајност на податоците при преносот.

8.14 На Давателот на услугите му е забрането: неовластено дознавање на содржината на пратките; отварање, задржување или одземање на содржината на пратките (освен во случаи определени со закон) и предавање на пратките или соопштување на нивната содржина на неовластени лица.

8.15 Давателот на услуги има обврска да ги чува како деловна тајна сите лични податоци кои ги дознава за физичките и правните лица при вршење на неговата дејност и истиот има обрска да ја обезбеди неповредливоста на тајноста на поштенските пратки и по завршување на доставата. Сите лични податоци до кои ќе дојде, Давателот на услугите не смее да ги направи достапни за трети лица, туку има обврска да ги користи исклучиво за вршењето на дејноста (освен во случај на барање на надлежен орган во постапка утврдена со закон).

8.16 Давателот на поштенски услуги е должен да ги заштити личните податоци на корисниците на поштенските услуги, кои ги собираат, обработуваат и користат при обезбедувањето поштенски услуги, согласно со прописите за заштита на лични податоци.

## 4. ПРАВА И ОБВРСКИ НА КЛИЕНТ

*Член 9*

9.1 Клиентот се обврзува уредно и навремено да му го плаќа на Давателот на услугите надоместокот за релизираните поштенски услуги во висина и на начин утврден во член 9 од овој Договор.

9.2 Клиентот има обврска да го почитува начинот и времето на најава на пратка, како и однапред договореното време за преземање на пратките.

9.3 Клиентот има обврска пакувањето на пратките да го врши на начин кој одговара на тежината на пратката, нејзиниот облик, големина, содржина и вредност. Должност на Клиентот е соодветно да ја заштити содржината на пратката како би се отстранила секаква опасност од нејзино оштетување односно, целосно да ја подготви пратката за нејзино превземање од страна на Давателот на услугите.

9.4 За пратки со осетлива содржина, стаклени или лесно кршливи пратки, Клиентот има обврска истото да го означи на адресницата.

9.5 Клиентот е одговорен за сите штети што неговата пратка, заради несоодветно пакување ги предизвикала на другите поштенски пратки, на средствата и објектите на Давателот на поштенските услуги и/или за повреди или смрт на вработените и на други лица, доколку тие настанат поради тоа што пратката содржела предмети чиј пренос е забранет.

9.6 Клиентот има обврска во адресницата да ја напише вистинската тежина и димензијата на поединечните пакувани пратки, како и точниот број на пакети во групните пратки.

9.7 Клиентот е должен да ја означи вистинската вредност на содржината на пратката со означена вредност, како и да плати надоместок на име осигурување од штета во износ од 3% од означената вредност.

9.8 Клиентот е должен на адресницата да напише точни податоци за испраќачот и примачот. Во случај на непотполни адресни податоци за испраќач и примач, Давателот на поштенски услуги може да го одбие приемот на пратката.

9.9 Клиентот/Испраќач е сопственик на пратката и има право со неа да располага се до нејзината достава на примачот.

9.10 Примачот има право да одбие да прими пратка која се доставува на неговата адреса, а надоместокот за достава на пратката, како надоместокот за нејзиното враќање на испраќачот е на товар на Клиентот.

9.11 Примачот нема право да ја отвори пратката пред да го плати надоместокот за достава, како и да ја плати откупната цена на пратката.

9.12 Кога се работи за збирна пратка, примачот нема право да прими дел од пратката, а дел да одбие. Во таков случај, примачот е должен или да ја прими целата пратка, или да ја одбие. Во вториот случај, важат правилата од точка 9.10

9.13 Клиентот е должен да обезбеди утовар и истовар на габаритните пратки.

*Член 10*

10.1 Клиентот е согласен пратката да не биде преземена за испорака, доколку е квалификувана како опасен материјал, забранета или ограничена стока со пропис или одлука на надлежен орган или доколку Давателот на услуги утврди дека не може да ја пренесе пратката на сигурен и безбеден начин.

10.2 Во случај да постои основано сомнение дека се работи за неприфатлива/забранета пратка, Давателот на услугите има право да ја отвори и прегледа пратката во присуство на Клиентот (Испраќачот). Доколку Клиентот (Испраќачот) одбива преглед на пратката, Давателот на услугите има право да одбие нејзино преземање.

10.3 Доколку во текот на превозот се утврди дека пратката содржи забранети предмети, Давателот на услугите записнчки ќе ја предаде пратката на надлежен орган кој приемот на истата ќе го потврди на другиот примерок од записникот.

*Член 11*

Независно како е договорено помеѓу Клиентот (Испраќач) и Примачот, плаќањето на поштарината и останатите услуги согласно со овој договор, е исклучива обврска на Клиентот (Испраќач).

*Член 12*

Клиентот има право во секое време да биде информиран за евентуална промена на условите на овој договор.

**5.РЕКЛАМАЦИИ**

*Член 13*

Во случај Клиентот или друго овластено лице да смета дека пратката не е доставена до примачот или е доставена со задоцнување, може да поднесе писмен приговор/рекламација во рок од 3 (три) месеци од денот на превземањето на пратката. Лицето кое го поднесува приговорот има обврска да ги достави сите докази врз основа на кои го истакнува приговорот.

*Член 14*

14.1 Примачот или друго овластено лице има обврска на вообичаен начин да ја прегледа пратката која му е доставена за прием и за евентуалните недостатоци (оштетување или намалување на нејзината содржина) веднаш да го извести овластениот претставник на Давателот на услугите. Рекламација поднесена откако пратката е вообичаено прегледана без било какви забелешки, не се прифаќа.

14.2 Примачот на поштенска пратка има право да поднесе рекламација во следните случаеви:

-За оштетување кое е видливо однадвор, примачот има право да поднесе рекламација веднаш при приемот на пратката или да одбие прием и

-За оштетување кое не е видиво однадвор, првиот нареден работен ден од денот на приемот на пратката, при што треба да докаже дека оштетувањето или намалувањето на содржината на поштенската пратка настанало пред нејзиното врачување.

*Член 15*

Доколку Клиентот или Примачот на поштенските услуги не поднеле рекламација во, за нив, предвидените законски рокови, го губат правото за надоместок на штета.

*Член 16*

Давателот на поштенски услуги е должен да прими рекламација и да одговори на поднесена рекламација во рок од 30 дена.

**ОСИГУРУВАЊЕ И ОБЕШТЕТУВАЊЕ**

**Член 17**

Давателот на услугите е одговорен за штетата настаната на препорачана поштенска пратка, пратка со означена вредност и пакет во случај на:

- Губење, ограбување или оштетување на пратка
- Пречекорување на рокот за достава

*Член 18*

Давателот на услугите не сноси никаква одговорност, доколку:

- До оштетување или загубување на пратката дојде како последица на виша сила односно настапување на околности кои Давателот на услугите не можел да ги предвиди или отстрани;
- До доцнење со достава на пратката во рокот, недоставување или доставување на пратката на лице кое не е примач на пратката, дојде како последица на неточна адреса или непотполни податоци за примачот;
- Пратката е одземена или уништена од страна на надлежен орган поради содржина на забранети супстанци или предмети;
- Пратката е оштетена или непотполна во моментот на нејзиното преземање од Клиентот.
- Клиентот не направил рекламација во рокот утврден со членовите 13-16 од овој Договор;
- Примачот ја примил пратката без било какви приговори;
- Клиентот не ја испочитувал постапката и начинот на пакување на пратката и не означил на адресницата дека се работи за кршлива пратка;
- Доколку при превозот на пратката дојде до оштетување на амбалажата, но не и на содржината на пратката.

- Клиентот со измама ја осигурал содржината на поштенската пратка во износ кој ја надминува вистинската вредност на содржината.

*Член 19*

Давателот на поштенски услуги е должен на Клиентот да му исплати надоместок за настаната штета и тоа:

1. За губење и целосно оштетување на:
   - Поштенска пратка со означена вредност во висина на нејзината означена вредност
   - Препорачана поштенска пратка и пакет, 15 пати од износот платен за услугата, но во износ не поголем од реалната вредност на пратката.

*Во овие случаи, покрај надоместокот на штета, Давателот на услугата е должен да го врати и износот наплатен за услугата, намален за износот платен за препорачаното ракување или ракување со пратка со означена вредност.

2. За делумно оштетување на поштенската пратка или ограбување на пратка:
   - За поштенска пратка со означена вредност во висина на нејзината стварно настаната штета, не поголема од означената вредност, и
   - За препорачана поштенска пратка и пакет, 10 пати повеќе од износот платен за услугата, но во износ не поголем од реалната вредност на пратката.

3. За пречекорување на рокот за достава по вина на Давателот на поштенските услуги, 5 пати повеќе од износот платен за услугата.

*Член 20*

Одговорноста на Давателот на услугите е ограничена **исклучиво на физичко губење или оштетување на пратка** и истиот не е одговорен за индиректно настаната штета на поштенските пратки, па така, одговорност за било каков друг вид на загуба за Клиентот, особено - изгубена заработувачка, испуштена корист, камата, деловен потфат или работа, незавсно дали таквата загуба или штета е директна или индиретна – е исклучена, дури и во случај Давателот на услугите да е опоменат од таков ризик при превземањето на пратката, имајќи го во предвид фактот дека Клиентот има право на свој трошок да се осигура од посебни ризици.

*Член 21*

Барање за надомест на штета се поднесува до Давателот на услугата во писмена или елетронска форма на grizazakorisnici@tpl.mk Во барањето Клиентот односно друго

овластено лице има обврска да ги наведе фактите на кои го засновува предметното барање, докази со кои се потврдуваат предметните факти и висината на побарувањето на име на надомест на штета.

## 6.ПРОМЕНА НА УСЛОВИТЕ НА ДОГОВОРОТ

***Член 22***

Во случај на значителни промени во цената на горивата на домашниот пазар, како и значителни промени во цените на поштенските услуги на пазарот или основицата врз која се пресметуваат трошоците на Давателот на услугите во врска со вршењето на неговата дејност, а кои не зависат од него, Давателот на услугите го задржува дискреционото право да ги промени цените на услугите утврдени со овој Договор, но има обврска за истото да го извести Клиентот по писмен пат. Доколку Клиентот во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на известувањето за промена на условите од овој договор не го извести Давателот на услугите дека го откажува Договорот, ќе се смета дека се согласил со условите и ги прифатил во целост.

## 7.ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

***Член 23***

23.1 Овој Договор се склучува за времетраење од 1 (една) година, со можност за автоматско продолжување за секоја наредна година.
23.2 Доколку Клиентот нема намера да го продолжи договорот, се обврзува за истото да го извести давателот на услугите најдоцна 30 (триесет) дена пред истекот на рокот за кој договорот е склучен.
23.3 Доколку Клиентот не постапи согласно со ст.2 од овој член и не го достави предметното известување во утврдениот рок, ќе се смета дека се согласил со автоматското продолжување на важноста на овој договор.

***Член 24***

***Доколку Клиентот одбие да го потпише овој писмен Договор, а сепак започне соработка на начин што ќе најави пратки за преземање, Давателот на услугата ќе смета дека Клиентот ги прифатил условите на овој Договор, истиот ќе ја преземе и реализира пратката на начин, под услови и цени предвидени во истиот и со тоа ќе се смета дека Договорот е склучен.***

## 8.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

*Член 25*

25.1 Секоја договорна страна има право еднострано да го раскине овој Договор, во случај другата договорна страна да не се придржува и да ги крши обврските превземени со истиот.

27.2 Договорот се раскинува со писмено известување до другата договорна страна во кое страната која го раскинува договорот има обврска да ги наведе причините за раскинувањето.

27.3 Отказниот рок изнесува 8 (осум) дена од денот на приемот на известувањето од страна на другата договорна страна.

27.4 Секоја договорна страна има должност да ги исполни сите тековни и заостанати обврски кои произлегуваат од овој Договор, заклучно со денот на неговото раскинување.

## 9.ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

*Член 26*

Договорните страни се обврзуваат дека меѓусебно ќе соработуваат со внимание на добри стопанственици и дека меѓусебно ќе се информираат по пат на електронска комуникација за сите работи кои имаат или би можеле да имаат влијание врз реализирањето на овој договор во интерес на двете страни.

-Официјални e-mail адреси на Клиентот се:

----------------------------------------------------------------------------------

-Официјални e-mail адреси на Давателот на услугите се:

- grizazakorisnici@tpl.mk – за информација за пратки, проверка, рекламација и поплака и барање за надомест на штета.
- finansii@tpl.mk – за наплата и рекламации на фактури
- contact@tpl.mk – за најава на пратки за преземање

*Член 27*

Со потпишувањето на овој договор, Клиентот изјавува и потврдува дека е запознаен со фактот дека Давателот на услугите има обврска да ги чува оргиналните адресници за доставените пратки и да му ги направи достапни на Клиентот најмногу во рок од 1 (една) година од денот на доставата на пратките предмет на адресницата.

*Член 28*

28.1 Сите известувања помеѓу договорните страни ќе се сметаат за уредни доколку се направени на адресите/седиштата истакнати во воведниот дел од овој договор, односно на електронските адреси наведени во член 26 од овој договор.

28.2 Секоја договорна страна е должна да ја извести другата за било каква промена во адресата или во други податоци кои би можеле да влијаат на овој договор, во спротивно сноси целосна одговорност за било каква штета поради непостапување согласно наведеното.

*Член 29*

Во случај на евентуален спор по овој договор, договорните страни се согласни дека ќе го решаваат по мирен пат и преку ангажирање на овластено лице-медијатор, во спротивно, со овој договордоговорните страни се спогодуваат на договорена месна надлежност на Основниот граѓански суд Скопје.

*Член 30*

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат Општите услови на ТПЛ Тотал Пост Логистик, позитивните прописи од областа на поштенскиот сообраќај и услуги, како и одредбите од Законот за облигациони односи на РСМ и другите позитивни законски прописи на РСМ.

*Член 31*

Измените и дополненијата на овој договор ќе се вршат по писмен пат со анекс кон договорот потпишан и заверен од двете договорни страни.

*Член 32*

Договорот е составен во 2 (два) еднообразни примероци од кои по еден за секоја договорна страна, а истиот стапува на сила со денот на неговото потпишување или со денот на најава на пратка за подигање од страна на Клиентот.

Скопје, 20.03.2024 година

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ

ТПЛ ТОТАЛ ПОСТ ЛОГИСТИК Скопје

N. Aldin

Управител

Алдин Нумановиќ

КЛИЕНТ

ПАРНОВОД Битола ДООЕЛ

Управител

Митко Илиевски

TPL TOTAL POST LOGISTIC

ТПЛ Тотал Логистик ДООЕЛ Скопје
Ул. 1 бр. 68 Визбегово
(+389) 78 20 78 78

1/1

2161-0037

| | |
|---|---|
| **1. Испраќач** | Битола |
| Име | Парновод |
| Адреса | Индустриска бр.115 |
| Телефон | 075207469 |
| Датум на внес | 13/11/2024 14:11 |
| Датум на прием | 14/11/2024 22:49 |
| **2. Примач** | Крушево |
| Име | Никола |
| Адреса | Крушево |
| Телефон | 075292434 |
| **3. Вид на поштенска пратка** | |
| Тип на пратка | Пакети |
| Тежина | 10-20 kg |
| Повратен док. | Не |
| Повратница | Не |

**4. Детали за наплата**

| | |
|---|---|
| Откуп | 0 ден |
| Поштарина | |
| Откупнина | 0 ден |
| За наплата | |

**5. Забелешка**

Бр. нарачка

**6. Потврда од примач**

Потврдувам дека пратката е примена без никакви оштетувања и рекламации

Име ___________

Датум ___________

Потпис ___________


TPL TOTAL POST LOGISTIC

ТПЛ Тотал Логистик ДООЕЛ Скопје
Ул. 1 бр. 68 Визбегово
(+389) 78 20 78 78

1/1

2161-0037

| | |
|---|---|
| **1. Испраќач** | Битола |
| Име | Парновод |
| Адреса | Индустриска бр.115 |
| Телефон | 075207469 |
| Датум на внес | 13/11/2024 14:11 |
| Датум на прием | 14/11/2024 22:49 |
| **2. Примач** | Крушево |
| Име | Никола |
| Адреса | Крушево |
| Телефон | 075292434 |
| **3. Вид на поштенска пратка** | |
| Тип на пратка | Пакети |
| Тежина | 10-20 kg |
| Повратен док. | Не |
| Повратница | Не |

**4. Детали за наплата**

| | |
|---|---|
| Откуп | 0 ден |
| Поштарина | |
| Откупнина | 0 ден |
| За наплата | |

**5. Забелешка**

Бр. нарачка

**6. Потврда од примач**

Потврдувам дека пратката е примена без никакви оштетувања и рекламации

Име ___________

Датум ___________

Потпис ___________



TPL TOTAL POST LOGISTIC

ТПЛ Тотал Логистик ДООЕЛ Скопје
Ул. 1 бр. 68 Визбегово
(+389) 78 20 78 78

1/1

2161-0037

| | |
|---|---|
| **1. Испраќач** | Битола |
| Име | Парновод |
| Адреса | Индустриска бр.115 |
| Телефон | 075207469 |
| Датум на внес | 13/11/2024 14:11 |
| Датум на прием | 14/11/2024 22:49 |
| **2. Примач** | Крушево |
| Име | Никола |
| Адреса | Крушево |
| Телефон | 075292434 |
| **3. Вид на поштенска пратка** | |
| Тип на пратка | Пакети |
| Тежина | 10-20 kg |

**4. Детали за наплата**

| | |
|---|---|
| Откуп | 0 де |
| Поштарина | |
| Откупнина | 0 де |
| За наплата | |

**5. Забелешка**

Бр. нарачка

**6. Потврда од примач**

Потврдувам дека пратката е примена без никакви оштетувања и рекламации

Име ___________

Датум ___________

Потпис ___________

**КАРГО ЕКСПРЕС**

www.kargoekspres.mk | Поштенски услуги
Карго Експрес дооел, ул. Солунска бр. 192-а Битола
... 0611613
...7 883

BT1077020

Пратка број | Ба...

Дата на испраќање 22.11 2024 год; час ____ | Дата на испорака ____ 2024 год; час ____

ИЗВРШИЛ ПРИЕМ ____ потпис | 1 обид за достава / 2 обид за достава — пратката се враќа | ИЗВРШИЛ ИСПОРАКА ____ потпис

АДРЕСИРАЈТЕ И СПАКУВАЈТЕ ЈА ПРАТКАТА | Пријавете ако пратката е: кршлива, запаливa, со ограничено време на испорака, со специфична положба и др. | Пратките без пријавена вредност се осигурани на износ до 15 пати поголем од основната цена. | Обврската за прием и плаќање на баранкат потпишан документ е на испраќачот | Обврската за прием и плаќање на пратка која се враќа е на испраќачот

**1** ИСПРАЌА ____ град ____
адреса ____ тел ____
Запознаен сум и го прифаќам ценовникот и општите услови - правила на КАРГО ЕКСПРЕС

**2** ПРИМА ____ град ____
адреса ____ тел 075 292 434
Запознаен сум и го прифаќам ценовникот и општите услови - правила на КАРГО ЕКСПРЕС

**3** Посебни услуги | Важно: ...

Откуп ____ ден. | Трошоци за откуп | трансакциска сметка за исплата на откуп

експрес, достава до: ____ час | потпишан документ | повратница | осигурана вредност ____ ден. | опис на пратката

несоодветно спакувана пратка

НАПОМЕНА: ____

| ТИП И КОЛИЧИНА НА ПРАТКА | - волумен - тежина | основна цена База-База | од врата | до врата |
|---|---|---|---|---|
| 2 пак | | 600 | 100 | 100 |
| | | | од врата 2 зона | до врата 2 зона |

Вкупно | Наплатил

...арични средства ____ ден.

...за фактура | ...ме и презиме | потпис | Платив во готово потпис

...ален износ на осигурана пратка е до 60.000 ден. и се доплаќа 2 % од вредноста. За несоодветно спакувани и необележани пратки не сносиме одговорност при ... Рекламации и барања примаме во рок од 30 дена од испраќањето на пратката по писмен пат. Во случај на спор надлежен е Основниот суд во Битола.

Раб."Индустриска"бр.115. 7000 Битола

Тел./Факс 047 226 177

Даночен број МК 4002993101165

**Жиро с-ка: 240150000010643**

**УНИ** Универзална Инвестициона Банка

ПАРНОВОД
БИТОЛА

За:
Александар Никодиноски

КРУШЕВО

Битола 13.11.2024

# ФАКТУРА Бр.449/24

Сериски број 449 За испратената стока согласно заклучница- испратница бр. писмо бр.

| Ред.број | ИМЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ | Един. мера | Коли-чина | Един. цена | Износ | ДДВ % | Износ ДДВ | ВКУПН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Соларен бојлер од 80 литри | пар | 1 | 15 810,00 | 15 810,00 | 5 | 790,00 | 16 600,С |
| 2 | Бојлер од 80 литри | пар | 1 | 11 864,00 | 11 864,00 | 18 | 2 136,00 | 14 000, |

| | |
|---|---|
| Износ: | 27 674,00 |
| ДДВ | 2 926,00 |
| Вкупно со ДДВ: | 30 600,00 |

Со букви: Триесет илјади и шестотини денари

- Рекламации се примаат во рок од 8 дена од приемот на стоката
- Стоката е испратена на ризик на купувачот

Фактурирал: ............ Примил: ............ Овластено лице: ............

Раб."Индустриска"бр.115. 7000 Битола

Тел./Факс 047 226 177

Даночен број МК 4002993101165

**Жиро с-ка: 240150000010643**

**УНИ** Универзална Инвестициона Банка

·ПАРНОВОД·
БИТОЛА

За:
"КУПУВАЧ"
БИТОЛА

Битола 24.02.2025

# ФАКТУРА Бр.69/25

Сериски број 69 За испратената стока согласно заклучница- испратница бр. писмо бр.

| Ред.број | ИМЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ | Един. мера | Коли-чина | Един. цена | Износ | ДДВ % | Износ ДДВ | ВКУПН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бојлер од 80 литри | пар | 1 | 11 864,00 | 11 864,00 | 18 | 2 136,00 | 14 000,0 |

| | |
|---|---|
| Износ: | 11 864,00 |
| ДДВ | 2 136,00 |
| Вкупно со ДДВ: | 14 000,00 |

Со букви: Четиринаесет илјади денари

- Рекламации се примаат во рок од 8 дена од приемот на стоката
- Стоката е испратена на ризик на купувачот

Фактурирал: ..................

Примил: ..................

Одговорно лице

Раб."Индустриска"бр.115. 7000 Битола

Тел./Факс 047 226 177

Даночен број МК 4002993101165

**Жиро с-ка: 240150000010643**

**УНИ** Универзална Инвестициона Банка

ПАРНОВОД БИТОЛА

За:

"КУПУВАЧ"

БИТОЛА

Битола 17.01.2025

ВАЛУТА: 17.01.2025

# ФАКТУРА Бр.11/25

Серијски број 11

За испратената стока согласно заклучница- испратница бр. писмо бр.

| Ред.број | ИМЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ | Един. мера | Коли-чина | Един. цена | Износ | ДДВ % | Износ ДДВ | ВКУПН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Соларен бојлер од 80 литри | пар | 1 | 15 810,00 | 15 810,00 | 5 | 790,00 | 16 600,0 |

| | |
|---|---|
| Износ: | 15 810,00 |
| ДДВ | 790,00 |
| Вкупно со ДДВ: | 16 600,00 |

Со букви: Шестнаесет илјади и шестотини денари

- Рекламации се примаат во рок од 8 дена од приемот на стоката
- Стоката е испратена на ризик на купувачот

Фактурирал: ..................

Примил: ..................

Овластено лице

Бр. 02-05/40
13.03.2025

# Биро Таргет ЕФИ ДООЕЛ Битола

Адреса: *ул. Баталјон Стив Наумов бр.5/44 Битола 7000*

Трансак.сметка: **210 – 070 276 6401-42**

Депонентна Банка: **НЛБ Тутунска Банка АД Скопје**

ЕДБ МК

*Должник:*

***ПАРНОВОД ДООЕЛ БИТОЛА***

*Датум:* ***13.03.2025 г***

***фактура број: 40/2025***

| рбр | назив на услугата | | кол. | Вкупен износ МКД |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Награда за вештечење<br>Предмет со ТПЛ Тотал пост логистик ДООЕЛ Скопје<br>Адвокат Дарко Стефановски | | | 5,400.00 |
| 2 | Поштенски и материјални трошоци | | | 300.00 |
| 3 | Награда за увид (точка 16;сл.в.102/14) | | | 300.00 |
| 4 | Вкупно | | | 6,000.00 |

Вкупно: **6,000.00**
со зборови: шест илјади денари

Наградата за вештачењето и надоместокот на трошоците пресметани се врз основа на член 29 став 4 од Законот за вештачење, согласно Правилникот на Министерство за правда – сл.в.102 од 09.07.2014 год.

Напомена:
Плаќање на износот во рок од 8 дена, во спротивно се засметува законска затезна камата
Во случај на спор надлежен е Основен суд во Битола

Управител
М-р Кузмановска Татјана
-----------------------------

(печат: Биро Таргет ЕФИ ДООЕЛ Битола)

УНИ Банка
Твојата Банка

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА
1 9 0 3 2 0 2 5

## НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ
ПАРНОВОД ДРУШТВО ЗА
ПРОИЗВОДСТВО,ТРГОВИЈА И УСЛУГИ КИРЕ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ
УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
2 4 0 1 5 0 0 0 0 0 1 0 6 4 3

ДАНОЧЕН БРОЈ ИЛИ (ЕМБГ)
4 0 0 2 9 9 3 1 0 1 1 6 5

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
ТАКСА ЗА ТУЖБА ПРОТИВ ТПЛ ТОТАЛ ПОС
Т ЛОГИСТИК

ПОТПИС

## ПРИМАЧ

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ЕДИНСТВЕ
ЕНА ТРЕЗОРСКА СМЕТКА

БАНКА НА ПРИМАЧОТ
НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
1 0 0 0 0 0 0 0 0 0 6 3 0 9 5

ИЗНОС
MKD 1,200.00

УПЛАТНА СМЕТКА
840 103 03338

СМЕТКА НА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
722211 00

НАЧИН
2

ДАТУМ НА УПЛАТА
1 9 0 3 2 0 2 5

МЕСТО НА УПЛАТА
E B A N K

ОБРАЗЕЦ ПП50

Налог број: 099EBKB250781418

Статус: Одобрен

| Дата на статус | Корисник | Статус |
|---|---|---|
| 19/03/2025 11:44:01 | МИТКО ИЛИЕВСКИ | Потпишан |